А. УПАТСТВА ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ

1. <u>Услуги што треба да се обезбедат</u>

Нарачател на услугите е здружение на граѓани Флорозон – Центар за еколошка демократија Скопје проект „Механизам за превенција од корупција“. Адреса на проект: Никола Парапунов бр.41 локал 102, 1000 Скопје, www.florozon.org.mk, email: contact@florozon.org.mk; project@florozon.org.mk

2. <u>Предмет на договорот за ангажман</u>

Предмет на договорот е обезбедување услуги за Подготовка на промотивно видео и Дигитален онлајн маркетинг. Детален опис на бараните услуги е даден во Анекс I – Опис на услуги.

3. <u>Содржина на понудите</u>

Понудите, целата кореспонденција и документите поврзани со постапката кои ги разменуваат понудувачот и Нарачателот се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во електронска форма и печатена форма.

Елементи на понудата кои треба да бида доставени се:

- Портфолио (референци) за правното лице
- Предложена методологија/медиа план
- Финансиска понуда
- ДРД образец од понудувачот или Тековна состојба

4. <u>Начин на поднесување на понуди</u>

Понудите мораат да се поднесат најдоцна до 28.06.2024 година до 16 часот на следната адреса: Флорозон - Центар за еколошка демократија Скопје, адреса: Никола Парапунов бр.41 локал 102, 1000 Скопје, или електронски на contact@florozon.org.mk и project@florozon.org.mk

Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да се разгледува.

5. <u>Право на учество</u>

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно правно лице/продукциска куќа/маркетинг компанија - понудувач.

6. <u>Цена на понудата</u>

Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

7. Валута на понудите

Цената на понудата се изразува во евра без вклучен данок на додадена вредност. Проектот е ослободен од данок на додадена вредност .

8. Критериуми за доделување на договор

8.1 Критериуми за доделување на договорот за услуги се содржани во Анекс I – Опис на услуги. За носителот на услуга ќе биде избран оној понудувач кој ќе достави најдобра понуда.

ЦЕД Флорозон го задржува правото да ја прифати или одбие било која понуда. Изборот на понудата ќе се врши според процедурите на проектот „Механизам за превенција од корупција“.

9. Потпишување на договорот

По завршување на изборот за најповолен понудувач, сите понудувачи во постапката ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

Успешниот понудувач ќе биде информиран за прифаќањето на неговата понуда, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлука за избор на најповолна понуда. Нарачателот го задржува правото да побара дополнителни документи од понудувачот. Најуспешниот понудувач ќе биде поканет да склучи договор за извршување на бараните услуги.

Бр. 0302/55-2

Скопје, 20.06.2024